СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

***ЕУ ЦЕНТАР***
***декември 2023 година***
***ЕУЦ-број 89/2023***

## САМИТ ЕУ - ЗАПАДЕН БАЛКАН




Лидерите на ЕУ и Западен Балкан на 13 декември 2023 година се состанаа во Брисел на четвртиот годишен самит. Самитот претставува можност да се потврди перспективата за членство во ЕУ на Западен Балкан, како и потребата за одржливи и неповратни реформски достигнувања на партнерите, поткрепени со вредностите и принципите на ЕУ.

Европската Унија ја потврди целосната и недвосмислена посветеност на перспективата за членство во Европската Унија на Западен Балкан и повика на забрзување на процесот на пристапување, врз основа на веродостојни реформи од страна на партнерите, фер и ригорозни условувања и принципот на сопствени заслуги од заемен интерес.

Лидерите на ЕУ ја поздравија решеноста на партнерите од Западен Балкан да ги почитуваат и да се заложат за основните европски вредности и принципи во согласност со меѓународното право. Тие се подготвени да ги испитаат предлозите дадени во новиот План за раст, неодамна претставен од Комисијата, за подобрување на економската интеграција на Западен Балкан со ЕУ.

За време на самитот, лидерите на ЕУ и Западен Балкан направија преглед за постигнатиот напредок во различни области како што се:

- дигитално поврзување вклучувајќи го и намалувањето на трошоците за роаминг на податоци,
- заемно признавање на универзитетски дипломи и професионални квалификации во рамките на регионот,
- транспорт и поврзување, вклучувајќи ги зелените и сините патеки ЕУ - Западен Балкан и
- продолжување на имплементацијата на Економскиот и инвестицискиот план, со веќе мобилизирани 16,6 милијарди евра.

Европската Унија ќе продолжи со својата поддршка за партнерите од Западен Балкан во справувањето со негативните ефекти врз нивните економии и општества.

Дополнително потсети на одлуката да го отвори Европскиот механизам за заеднички набавки на гас и ЛНГ за Западен Балкан и ја охрабри неговата употреба од партнерите со пазарите на гас, со цел да се намали нивната зависност од рускиот гас.

Европската Унија останува решена за натамошно зајакнување на соработката со Западен Балкан за клучните безбедносни и одбранбени прашања. Ова вклучува борба против манипулација со странски информации и зајакнување на колективната сајбер-безбедност.

Самитот е дел од спроведувањето на [стратешката агенда](#) на ЕУ 2019-2024 година.

Повеќе информации за усвоената Декларација на следниот линк: https://www.consilium.europa.eu/media

https://www.consilium.europa.eu

## Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Самит ЕУ-Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Европски закон за слобода на медиумите | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Услогласен текстот на ЕУ законот за кибер солидарност | 6 |
| Управа на ЕУ за борба против перењето пари и финансирање тероризам | 6 |
| Измени на директивата за единствена дозвола за престој и работа во ЕУ | 7 |
| Ревидирање на правната рамка на ЕУ за азил и миграција | 7 |
| Нов европски суперкомпјутер „Маренострум 5“ | 8 |
| Планови за намалување на емисиите на стакленички гасови | 8 |
| Монпелје воведе бесплатен јавен превоз | 9 |
| Мерка за заштита на децата од онлајн сексуална злоупотреба | 9 |
| Конвенција на ОЛАФ за борба против фалсуфукувањето на играчки | 10 |
| Измени на Статутот на Судот на правдата на ЕУ | 10 |
| Намалена стапката на слободни работни места во ЕУ во третиот квартал | 11 |
| ЕУ календар / јануари 2024 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 11-14 декември 2023***

Претседателката на ЕП, Роберта Мецола ја отвори декемврискатa пленарна сесија на Европскиот парламент.

Европарламентот ги одобри кандидатурите на Ханс Линдблад и Жоао Леао, номинирани од Шведска и Португалија. Португалскиот кандидат Жоао Леао беше поддржан со 328 гласа, а шведскиот кандидат Ханс Линдблад беше поддржан со 498 гласа.

Наградата Сахаров на ЕП 2023 за слобода на мислата им беше доделена на Џина Махса Амини и движењето Жена, живот, слобода во Иран, на церемонија на 12 декември.

Во извештајот усвоен со 545 гласа европратениците предупредуваат на зависничката природа на онлајн игрите, социјалните медиуми, услугите за стриминг и онлајн пазарите, кои ги искористуваат ранливостите на корисниците за да го привлечат нивното внимание и да ги монетизираат нивните податоци. Парламентот ја повикува Комисијата да ги реши постоечките правни празнини и да воведе нова легислатива против дизајнот кој предизвикува зависност.

Европарламентот со 522 гласа усвои став за ревизијата на таканаречените директиви за „појадок“. Предлогот ги ажурира правилата за составот, името, етикетирањето и презентацијата на одредени прехранбени производи за „појадок“.

Европратениците дадоа зелено светло за плановите за зајакнување на снабдувањето на ЕУ со стратешки суровини. Законот за критични суровини е дизајниран да ја направи ЕУ поконкурентна и суверена, преку намалување на бирократијата, поттикнување на иновациите долж целиот синџир на вредност и поддршка на малите и средните претпријатија.

Европарламентот усвои предлози за зајакнување на демократската димензија на изборите во 2024 година и за системот на водечки кандидати. Извештајот усвоен со 365 гласа повикува на мерки за зајакнување на излезноста на гласачите за време на изборите од 6 до 9 јуни 2024 година над зголемените бројки забележани во 2019 година. Фокусот на Парламентот е на максимизирање на влијанието на изборните кампањи, постизборната процедура за формирање на следната Европска комисија и избор на нејзин претседател и обезбедување на сите граѓани да можат да го остварат своето право на глас.

Европратениците усвоија став за создавање на Европски простор за здравствени податоци за да се олесни пристапот до личните здравствени податоци и да се зајакне безбедното споделување. Новиот Европски простор за здравствени податоци (EHDS) ќе ги овласти граѓаните да ги контролираат нивните лични податоци за здравствена заштита и ќе го олесни безбедното споделување за истражувачки и алтруистички (т.е. непрофитни) цели. Пленумот го усвои извештајот, кој ќе служи како преговарачки мандат на Парламентот во разговорите со Советот за конечната форма на законодавството, со 516 гласа.

Во новиот извештај, европратениците сакаат ЕУ да се ангажира прагматично со Кина за глобалните предизвици, додека продолжува да се конфронтира со Пекинг поради неговите тешки прекршувања на човековите права. Европарламентот ја препознава симултаната улога на Кина како партнер, но и сè повеќе конкурент и системски ривал на ЕУ.

Европратениците го поздравија новиот План за раст за Западен Балкан и ги повикаа лидерите на ЕУ да ја усвојат преговарачката рамка без одлагање, откако ќе се исполнат релевантните барања поврзани со секоја од земјите-кандидатки за брзо започнување на пристапните преговори. ЕУ треба да утврди јасни рокови за земјите-кандидатки да ги завршат преговорите за пристапување во ЕУ до крајот на оваа деценија, нагласуваат европратениците.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



Европратениците ја истакнаа потребата од повторно оценување на правилата на ЕУ за гео-блокирање, особено во светлината на забрзаната дигитална трансформација и порастот на онлајн купувањето во последниве години. Постојните правила им дозволуваат на потрошувачите да купуваат онлајн и да пристапуваат до услуги преку границите без ограничувања, но европратениците велат дека тие мора целосно да се применат и преостанатите бариери треба да се отстранат.
Европскиот парламент усвои три резолуции за состојбата со човековите права во Белорусија, Танзанија и Тибет.
Со 366 гласа европратениците го поддржаа нацрт-законот за да се осигура дека, кога родителството ќе биде воспоставено од земја на ЕУ, останатите земји-членки ќе го признаат. Целта е да се осигури дека децата ги уживаат истите права според националното законодавство во однос на образованието, здравствената заштита, старателството или наследувањето.
Во резолуцијата усвоена со 366 гласа европратениците ја истакнаа потребата од добро функционална европска агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) која ќе им помогне на земјите-членки да управуваат со надворешните граници на ЕУ. Фронтекс би можел да направи повеќе за да го зголеми капацитетот на ЕУ и земјите-членки за извршување операции за пребарување и спасување на море со инвестирање во соодветни средства за такви операции, подвлекуваат европратениците.

www.europarl.europa.eu

## ЕВРОПСКИ ЗАКОН ЗА СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ




Советот на ЕУ и Европскиот парламент постигнаа привремен договор за Европскиот закон за слобода на медиумите (ЕМФА), кој ќе претставува нова регулатива за заштита на медиумските слобода и плурализам и уредувачката независност во Унијата.
ЕМФА треба да воспостави заедничка рамка за медиумските услуги во ЕУ и да воспостави мерки насочени кон заштита на новинарите и медиумите од политичко мешање и истовремено да го олесни нивното работење во Унијата.
Новите правила го гарантираат правото на граѓаните на пристап до бесплатни информации од повеќе извори и ја дефинираат одговорноста на земјите-членки на ЕУ да обезбедат соодветни услови и рамка за нивна заштита.
Предложената регулатива е резултат на зголемената загриженост во ЕУ за политизацијата на медиумите и недостигот на транспарентност околу нивната сопственичка структура и распределбата на државни средства за медиумско рекламирање.
Законот предвидува воспоставување на Независен европски комитет за медиумски услуги, кој треба да ја замени Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА), формирана според АВМСД. Независен европски комитет за медиумски услуги ќе биде составен од претставници на националните медиумски регулатори на земјите-членки и ќе има задача „да ја советува и поддржува“ Европската Комисија за доследна примена на клучните одредби од новиот закон.
Договорениот текст на ЕМФА треба да биде одобрен од Европскиот совет и од ЕП и по неговото финализирање на техничко ниво се очекува формално да усвоен од страна на двете институции во текот на пролетта 2024 година.

https://ec.europa.eu/commission

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

На покана на европратениците, олеснувачи на Дијалогот Жан Моне, Андреас Шидер, Марион Валсман и Илхан Ќучук, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, заедно со потпретседателот Хусни Исмаили, координаторите на пратеничките групи на СДСМ, Јован Митрески, на ВМРО ДПМНЕ, Никола Мицески, координаторот на ДУИ, Арбер Адеми, координаторот на Алијанса за Албанците, Атнан Незири, Сафије Садики Шаини од Алтернатива, Фадил Зендели од Движењето БЕСА, членовите на Работната група за учество во Дијалогот Жан Моне и надворешните експерти, како и генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова со стручната служба на Собранието од 7 до 9 Декември 2023 година учествуваа на 4. Жан Моне Дијалог на Собранието со Европскиот Парламент, кој што се одржа во куќата на Жан Моне, во Базош сур Гијон во Франција.

Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 4 декември 2023 година оствари средба со Делегацијата на Комисијата за европски прашања на Парламентот на Чешката Република, предводена од Владислав Вилимец, претседател на Комисијата. Џафери изрази задоволство од средбата и истакна дека билатералните односи меѓу двете земји ги карактеризира традиционално пријателство со постојан политички дијалог и заемна соработка. Ја поздрави континуираната помош на ЕУ во поддршката на реформите поврзани со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и новиот План за раст за Западен Балкан.





Средба со делегацијата остварија и Ненад Коциќ и членовите на Групата: Лолита Ристова, Марија Кочовска, Бране Петрушевски, Јован Јаулески и Дајанчо Ефтимов, се сретнаа со Делегација на Комисијата за европски прашања на Парламентот на Чешката Република.



Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) и Комисијата за европски прашања на Собранието (КЕП) на 20 декември 2023 година, одржаа заедничка седница, дискутирајќи за нацрт-патоказите за владеење на правото и за реформа на јавната администрација, откако на оваа тема пред пратениците од овие две тела реферираше вицепремиерот за европски прашања Бојан Маричиќ, а во присуство на амбасадорот на Шпанија во земјава Хозе Лозано Гарсија, како претставник на земјата претседавач со ЕУ и заменик-шефот на Делегацијата на ЕУ, Бен Нупнау. Патоказот за владеење на правото, како што објасни претходно вицепремиерот Маричиќ, во себе ги опфаќа клучните реформи во Поглавјето 23 – правосудство и темелни права и Поглавјето 24 – правда, слобода и безбедност. Придружен документ на овој Патоказ е и Акцискиот план посветен на заштита на правата на припадниците на малцинствата или заедниците, меѓу другото, на полето на недискриминација, борба против говорот на омраза, образование.

По завршувањето на расправата, членовите на НСЕИ и на КЕП едногласно усвоија заклучоци.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми и заменик-претседателката на Националниот совет за евроинтеграции, Соња Мираковска, на 13 декември 2023 година имаа свои излагања на воведната сесија на Шестата пленарна конференција на НКЕУ МК. Мираковска, во своето обраќање истакна дека неопходни се натамошните чекори за да се продолжи со преговорите и да се искористат придобивките од актуелниот моментум во процесот на проширување. Адеми истакна дека проширувањето на Европската Унија отсекогаш имало меритократски и геополитички аспект, и патот на Северна Македонија кон Унијата е исполнет со исклучително тешки предизвици, но потенцираше дека никогаш не отсуствувала стратешката јасност околу нашиот првенствен надворешно-политички приоритет за членство во Европската Унија.





Претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието, Арбер Адеми на 14 декември 2023 година оствари видеосредба со Алесандро Џиљо Виња, претседател на Комитетот за ЕУ политики и Џулио Тремонти, претседател на Комитетот за надворешни работи, како и со членовите на двете тела. Адеми ги запозна соговорниците со актуелните случувања во земјава и се заблагодари за принципиелните позиции на Италија и целокупната поддршка за евроинтегративниот процес. На видеосредбата се разговараше за билатералната соработка и можностите за нејзино унапредување.

Претседателите на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми, и на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николовски, на 18 декември 2023 година учествуваа на Промоцијата на Анализата на јавното мислење за пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ во 2023 година, во организација на Институтот за демократија во просториите на Делегацијата на ЕУ во Скопје. Во отворена дискусија, за најновите истражувања на јавното мислење на Институтот за демократија, фокусот беше ставен на поддршката за пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ во 2023 година, која споредно со минатите години има тренд на нејзино намалување и годинава изнесува 60%.







На 11 декември 2023 година Арбер Адеми, учествуваше на Панел-дискусија посветена на придобивките од Берлинскиот процес за Република Северна Македонија, во организација на Институтот за демократија. Адеми имаше воведно обраќање на првиот панел посветен на придобивките од Берлинскиот процес за Република Северна Македонија со „Осврт на сработеното во делот на заедничкиот регионален пазар со фокус на роамингот“, при што истакна дека како претседател на собраниската Комисија за европски прашања, се залага за политичките придобивки од овој процес, во насока на развивање на регионалната соработка и ЕУ перспективата за регионот. Тој информира дека на октомврискиот самит во Тирана беше побарано воспоставување на парламентарна димензија на Берлинскиот процес.

## УСОГЛАСЕН ТЕКСТОТ НА ЕУ ЗАКОНОТ ЗА КИБЕР СОЛИДАРНОСТ




Советот на постојаните претставници на земјите-членки на ЕУ (КОРЕПЕР) на заседанието одржано на 20 декември 2023 година, го усогласи ставот за Законот за кибер солидарност, чија цел е зајакнување солидарноста и капацитетите на ЕУ за откривање, подготовка и одговор на закани и инциденти поврзани со безбедноста во дигиталната сфера.
Оваа регулативата ќе ја направи ЕУ поотпорна и поподготвена за реакција на кибер заканите, а во исто време ќе ги зајакне механизмите за соработка меѓу нејзините земји-членки.
Со оваа регулатива Европската комисија имаше за цел да ја зголеми свесноста за заканите поврзани со кибер безбедноста, да ја зајакне подготвеноста и заштита на критичните субјекти и основните услуги, како што се болниците и јавните комунални претпријатија, од кибер напади, да ја зголеми солидарноста на ниво на ЕУ во справувањето со кризи во овој сегмент и да обезбеди сигурна и безбедна дигитална средина за граѓаните и бизнисите.  За брзо и ефикасно откривање на големите кибер закани со предлогот се предвидува воспоставување на „Европски кибер штит“, како паневропска инфраструктура составена од национални и прекугранични безбедносни оперативни центри во рамки на ЕУ задолжена за споделување информации и за откривање и спротивставување на кибер заканите.
Во усогласената верзија од страна на Корепер одредени одредби се прилагодуваат на спецификациите на одделни земјите членки, се прецизираат членови што се однесуваат на националната безбедност, се усогласува текстот со сродните законодавни регулативи и се прецизира и зајакнува улогата Европската агенција за кибер безбедност (ЕНИСА).
Во следната фаза за усвојување на Законот ќе следат преговори меѓу Советот на ЕУ и Европскиот парламент во рамки на „тријалогот“ за усогласување на конечната верзија на законскиот текст.

https://www.consilium.europa.eu

## УПРАВА НА ЕУ ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕТО ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ



Советот на ЕУ и Европскиот парламентот на 18 декември 2023 година,  постигнаа привремен договор за формирање нова Управа на Унијата за борба против перењето пари и финансирање на тероризмот (АМЛА), кој ќе има за цел да ги штити граѓаните и финансискиот систем на блокот од перењето илегални пари и од обезбедувањето финансиска поддршка на терористите. АМЛА ќе има надзорни овластувања над високоризичните субјекти во финансискиот сектор. Засега не е договорно каде ќе биде седиштето на оваа институција, прашање кое треба да биде усогласено во следните фази од усвојувањето на регулативата. Се предвидува АМЛА да ја зајакне ефикасноста на рамката за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот, преку создавање интегриран механизам со националните контролни тела за да се обезбеди почитување на обврските по ова прашање од страна на финансиските институции. Дополнително, АМЛА ќе има задача да пружа поддршка на нефинансиските сектори и да ги координира службите за финансиско разузнавање во земјите-членки на ЕУ. Со АМЛА ќе раководи Главен одбор, составен од претставници на телата за супервизија и агенциите за финансиско разузнавање од сите земји членки на ЕУ, како Извршен одбор, составен од претседател и пет независни членови со полно работно време.
Во следната фаза договорениот текст на одлуката за формирање на АМЛА ќе биде доставен на одобрување до претставниците на земјите-членки и Европскиот парламент. Доколку тие ја одобрат одлуката, таа ќе треба формално да биде изгласана од Советот на ЕУ и Европарламентот

https://finance.ec.europa.eu/news

## ИЗМЕНИ НА ДИРЕКТИВАТА ЗА ЕДИНСТВЕНА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕСТОЈ И РАБОТА ВО ЕУ




Земјите-членки на ЕУ на 21 декември 2023 година, го поддржаа договорот постигнат меѓу шпанското претседателство со Советот и претставници на Европарламентот за измена на процедурите за издавање на единствената дозвола за престој и работа во Унијата. Со измените на Директивата за единствена дозвола за престој и работа се ажурираат процесот на аплицирање за издавање на овој документ и ги изедначуваат правата на работниците од трети земји со оние на нивните колеги од ЕУ.
Директивата предвидува дека одговор на барањето за издавање на единствената дозвола за престој и работа треба да биде даден најдоцна во рок од три месеци по приемот на целосната апликација. По ова, врз основа на одобрена единствена дозвола, земјите-членки ќе треба да ја издадат потребната работна виза за легален влез на територијата на ЕУ.
Странските работници кои имаат единствена дозвола ќе може да го сменат работодавачот, по известување на надлежните органи. Во случај на губење на работното место, работникот носител на единствена дозвола ќе може да остане на територијата на ЕУ во период до три месеци или до шест месеци доколку од издавањето на првата дозвола се минати повеќе од две години.
Директивата за единствена дозвола е усвоена во 2011 година, а предлогот за нејзина измена го иницираше Европската комисија на 27 април минатата година, како дел од мерките од Пакетот „Вештини и таленти", чија цел е легално привлекување на стручно оспособени и талентирани работници од странство, како резултат на недостигот на работна сила во одредени гранки во ЕУ. Според податоците на Евростат, во 2019 година во ЕУ на работници од трети земји им биле одобрени 2.984.261 решенија за единствени дозволи, од кои 1.212.952 лица аплицирале првпат за добивање на овој документ.

https://ec.europa.eu

## РЕВИДИРАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА НА ЕУ ЗА АЗИЛ И МИГРАЦИЈА




Политичкиот договор меѓу Советот на ЕУ и Европарламентот за реформа за Пактот за миграција и азил постигнат на 20 декември 2023 година, претставува доказ дека Европа е силна заедница која е способна да најде големи одговори на големите предизвици, истакна претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен.
Според Европската комисија договорот за основните политички елементи на петте клучни регулативи кои темелно ќе ја ревидираат правната рамка на ЕУ за азил и миграција, ја одразува посветеноста на Унијата за менаџирање со миграцијата на фер и регулиран начин, овозможувајќи премин од ад-хок кон долгорочни и одржливи решенија.
Петте законски регулативи опфатени со договорот се однесуваат на сите фази на менаџирањето со азилот и миграцијата, почнувајќи од проверката на илегалните мигранти при нивното пристигнување во ЕУ, земањето биометриски податоци, процедурите за поднесување на барања за азил, начините на постапување по овие азилантски апликации, како и правилата се кои се одредува која земја членка на Унијата ќе биде одговорна да постапување по барањата.
Со постигнатиот договор ќе се воведат единствени правила за идентификација на државјаните кои не се членки на ЕУ по нивното пристигнување, со што се зголемува безбедноста во Шенген зоната, ќе се изработи заедничка база на попрецизни и поцелосни податоци за откривање на неовластени движења на мигрантите и ќе се воспостават побрзи и поефикасни процедури за решавање по барањата за азил, за враќање на одбиените азиланти и за зајакната контрола на граници.

https://ec.europa.eu/commission

## НОВ ЕВРОПСКИ СУПЕРКОМПЈУТЕР „МАРЕНОСТРУМ 5“



Во Суперкомпјутерскиот центар во градот Барселона, во Шпанија на 22 декември 2023 година, беше промовиран најновиот европски суперкомпјутер „МареНострум 5“, кој е рангиран меѓу десетте најмоќни компјутери во светот и се смета за „најзелен“ во Европа поради неговата високо енергетска ефикасност и целосното напојување со енергија од обновливи извори.
„МареНострум 5“ ќе биде достапен за користење на научните и индустриските кругови од март 2024 година, а топлината што ја создава ќе се употребува за загревање на зградата во којашто е сместен.
Ќе може да се користи во европските медицински истражувања за поддршка на развојот на лекови и вакцини, за симулации за ширење на вируси, како и за проучување на климата, инженерство, материјалите и планетата Земја.
Тој претставува еден од најиновативните суперкомпјутерски системи во светот, специјално дизајниран да решава сложени научни проблеми, со перформанси од 314 Петафлопи или 314 милиони милијарди пресметки во секунда.
Суперкомпјутерот ќе придонесе и за подобрување на други европски иницијативи, како што е „Дестинација Земја“, која има за цел да развие високо прецизен дигитален модел на Земјата на глобално ниво или „Виртуелниот човечки близнак“, која треба да им помогне на научниците подобро да го разберат човечкиот организам и да придонесе за подобра здравствена заштита и персонализирана медицина.
Производството и одржувањето на новиот суперкомпјутер претставува инвестиција вредна над 151 милиони евра, од кои 50% ги обезбеди ЕУ, а останатите 50% конзорциум предводен од Шпанија, во кој се вклучени и Португалија и Турција.

https://spanish-presidency.consilium.europa.eu

## ПЛАНОВИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ



Европската комисијата објави нацрт-документ за ревизија на националните енергетски и климатски планови на земјите-членки на ЕУ со кои од нив се бара да ги зголемат своите напори за намалување на емисиите на стакленички гасови и да утврдат појасни планови за прилагодување на промените на климата, согласно со поставените климатски цели на Унијата до 2030 година.
Со предлогот за бара од земјите-членки најдоцна до 30 јуни следната година да ги подготват и достават до Европската комисија своите конечни климатски планови.
Европската комисија ги повикува земјите-членки „подобро да се подготват“ за поголем опсег на користење на обновливите извори на енергија и да ги подобрат мерките за енергетска ефикасност.
Потребни се и дополнителни мерки за поттикнување на потрошувачите, подобрување на енергетската безбедност и поддршка на европските компании во зајакнувањето на нивната конкурентност. Ќе бидат потребни поголеми напори за да се обезбеди пристап до достапните извори на финансирање и да се стимулираат клучните инвестиции потребни за зајакнување на конкурентноста на европската индустрија, се истакнува во предлогот.
Во документот се нагласува важноста и итноста од постепено укинување на употребата на фосилните горива во производството на енергија, особено на цврстите фосилни горива, како јагленот и лигнитот.
Изработката на национални енергетски и климатски планови за периодот 2021-2030 година е обврска на земјите-членки согласно со Регулативата на ЕУ за управување со Енергетската унија и климатската акција од 2018 година, со кои се утврдени целите на блокот за енергијата и климата до 2030 година.

https://ec.europa.eu/commission

## МОНПЕЛЈЕ ВОВЕДЕ БЕСПЛАТЕН ЈАВЕН ПРЕВОЗ




Француското град Монпелје на 21 декември 2023 година стана најновата европска метропола што им овозможи на сите нејзини жители бесплатно да се возат јавен превоз.
Посетителите и туристите сепак ќе треба да платат 1,60 евра.
Михаел Делафосе, социјалистичкиот градоначалник на градот со околу 500.000 жители, вети бесплатен јавен превоз кога беше избран во 2020 година.
Со воведување бесплатни возења започна за време на викендите таа година, а потоа следната година ги прошири на сите помлади од 18 или над 65 години цела недела.
Делафосе истакна дека иницијативата е дел од „посветеноста на Европа … на климата и куповната моќ“. „Го основавме здружението за да им помогнеме на другите европски градоначалници да го направат истиот избор“, нагласи градоначалникот.
Луксембург ги укина билетите за воз, трамвај и автобус во обид да се справи со застојот на патиштата и загадувањето, како и да ги поддржи луѓето со ниски примања.
Пред иницијативата за бесплатен јавен превоз во Монпелје, само 86.000 луѓе платиле претплати за да го користат, според бројките добиени од АФП.
Но, таа бројка се зголеми тројно на 260.000 претплатници во последниве денови, пред лансирањето на бесплатната пропусница, било во форма на картичка или апликација за паметни телефони. Градот соопшти дека новата транспортна такса за компаниите со повеќе од 11 вработени ќе помогне во финансирањето на иницијативата за бесплатен транспорт.

https://www.euractiv.com

## МЕРКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД ОНЛАЈН СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА



Постојаните претставници на земјите-членки на ЕУ на 21 декември 2023 година, се согласија за продолжување на привремената мерка за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку Интернет за уште три години.
Со оваа мерка, воведена во 2021 година на провајдерите на онлајн услуги им се овозможува да отстапуваат од правилата за заштита на приватноста на податоците при електронски комуникации.
Дополнително, на провајдерите за размена на пораки и комуникација им е дозволено користење на специфични технологии за обработка на лични и други податоци со цел откривање на онлајн сексуална злоупотреба на деца на нивните платформи, како и нејзино пријавување и отстранување на таквите содржини.
Мерката е од времен карактер и со важност до 3 август 2024 година, со цел да го премости јазот до усвојување на законската регулатива за постојана правна рамка за спречување на онлајн сексуалната злоупотреба на деца.
Бидејќи новата регулатива сè уште не е усогласена, постојаните претставници се договорија за продолжување на важност за времената мерка до 3 август 2027 година.
Дополнително со оваа одлука се овластува Советот на ЕУ да започне преговори со Европскиот парламент за конечниот правен текст за оваа мерка.

https://www.euractiv.com

## КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОЛАФ ЗА БОРБА ПРОТИВ ФАЛСИФИКУВАЊЕТО НА ИГРАЧКИ




Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ) во соработка со Канцеларијата за интелектуална сопственост на ЕУ (ЕУИПО) и Даночната агенција на Шпанија, на 18 и 19 декември 2023 година во шпанскиот град Аликанте организира Конференција за борба против фалсификувањето играчки. Околу 60 учесници на дводневната конференција разговараа за идентификување на најновите криминални трендови и најдобрите практики во справувањето со појавата на фалсификување играчки.
На конференцијата делегатите ја разгледаа актуелната состојба и разговараа за начините за зголемување на соработката меѓу сите вклучени засегнати страни. Тоа вклучуваше посета на самото место на AIJU, истражувачки центар и лабораторија за тестирање специјализирана за безбедност на детски производи, каде што се врши безбедносно тестирање на играчки и други производи за широка потрошувачка за деца според европските и меѓународните стандарди. Делегатите на конференцијата можеа на самото место да видат како се вршат тестовите и на тој начин подобро да ги разберат здравствените и безбедносните импликации на фалсификуваните играчки.
Иако борбата против фалсификуваните играчки е процес што се спроведува во текот на целата година, таа е особено значајна во пресрет на божиќните и новогодишните празници. Секоја година во ЕУ се запленуваат десетици илјади фалсификувани играчки. Покрај тоа ОЛАФ работи и на откривање и разбивање на меѓународните шеми за нивно производство и дистрибуција.

https://www.euipo.europa.eu

## ИЗМЕНИ НА СТАТУТОТ НА СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕУ




Советот на ЕУ и Европскиот парламент на 7 декември 2023 година постигнаа договор за предложените реформи на Статутот на Судот на правдата на Унијата, чија цел е да се подобри начинот на негово функционирање во услови кога тој се соочува со постојан пораст на бројот на тужби, од кои некои се однесуваат и на сложени и чувствителни прашања. Новите измени на Статутот ќе му овозможат на Судот на правдата поголема ефикасност во работењето преку искористување на претходната судска реформа со која беше зголемен бројот на судии во Општиот суд.
Со новите измени се овозможува префрлање на јурисдикцијата за првостепени пресуди во дополнителен број области на Општиот суд, додека во надлежност на Судот на правдата остануваат прашања поврзани со начелата на Унијата, како што се договорите за функционирање на ЕУ или Повелбата за основните права. Области кои со реформата доаѓаат под јурисдикција на Општиот суд се заедничкиот систем на ДДВ, прашања поврзани со акцизите и царинските правила и тарифници, компензации и помош на патниците во случај на доцнење, откажување или одбивање на транспортни услуги, како и тргувањето со дозволени емисии на стакленички гасови.

https://eapil.org/2023

## НАМАЛЕНА СТАПКАТА НА СЛОБОДНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО ЕУ ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ




Во третиот квартал од 2023 година стапката на слободни работни места во Еврозоната изнесуваше 2,9%, што е намалување за 0,1 процентни поени во споредба со претходното тримесечје, кога таа изнесуваше 3,0%.
Во исто време, како што соопшти Европската статистичка агенција – Евростат, на ниво на ЕУ, стапката на слободни работни места изнесуваше 2,6%, што исто така е намалување за 0,1 процентен поен на квартално ниво, од 2,7% во периодот април-јуни 2023.
За споредба во третиот лански квартал стапката на слободни работни места во Еврозоната изнесуваше 3,1%, а во цела ЕУ 2,9%.
По земји највисока стапки на слободни работни места во периодот јули-септември 2023 година се регистрирани во Белгија од 4,7%, пред Холандија од 4,5, Австрија 4,2 и во Германија од 4,1%. Од друга страна, најниски стапки се забележани во Бугарија и Романија од 0,8%, Шпанија и Полска од 0,9, Словачка од 1,1 и Ирска од 1,2%.
Во споредба со истиот квартал лани, стапката на слободни работни места се зголемила во пет земји членки, во четири е непроменета, а е намалена во 18 држави од ЕУ.
Раст е регистриран во Кипар 0,7 процентни поени, пред Грција од 0,5, Хрватска од 0,4 и Литванија и Малта од по 0,1 процентни поени.
Најголемо намалување, од друга страна, ома во Чешка од 1,0 процентни поени, пред Луксембург 0,9, Австрија и Данска од 0,8 и Финска од 0,7 процентни поени.

https://ec.europa.eu/eurostat

## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО ДЕКЕМВРИ

1. *Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), по скратена постапка,
2. *Закон за советодавен систем во земјоделството и руралниот развој,
3. *Закон за дивечот и ловството.

*ЕУ КАЛЕНДАР / јануари 2024*

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 27/01/2024, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 29/01/2024, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 15-18 и 25/01/2024, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




